МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

ОПШТИНА КАРПОШ
ГРАДОНАЧАЛНИК

Број: 11-5005/3
Датум: 28.06.2023
Скопје

Врз основа на член 35, став 1,2,3,4,5,6,7 и 8 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен Весник на РМ" бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), Градоначалникот на Општина Карпош, го дава следното:

**С О О П Ш Т Е Н И Е**
**за организирање**
**Јавна презентација и Јавна анкета по**
**Предлог ДУП за Градска четврт Ј 01 – Средно Нерези,**
**Општина Карпош - Скопје.**

Јавната анкета по Предлог ДУП за Градска четврт Ј 01 – Средно Нерези, Општина Карпош - Скопје, ќе трае 30 работни дена, од 04.07.2023 до 15.08.2023 година, секој работен ден, од 07.30 до 15.30 часот, во просториите на УЗ Нерези, Скопје.

Јавната презентација по Предлог ДУП за Градска четврт Ј 01 – Средно Нерези, Општина Карпош - Скопје, ќе се одржи на 17.07.2023 година, во 11.00 часот, во просториите на УЗ Нерези.

Границата на Градската четврт Ј01 е дефинирана во ГУП на град Скопје, плански период 2012- 2022, Одлука бр. 07-5068/1 од 03.12.2012 година, на следниот начин:

- На северо-запад границата се протега долж осовината на коритото на реката "Вардар"
- На северо-исток границата се протега по осовината на улица "Војвода Васил Чакаларов (Циборовски)"
- На исток границата се протега по основината на улица "Пат Горно
- На југ границата се протега по границите на КП со бр. 892, 893, 899, 900, 921, 902, 903, 904, 1227, ја пресекува КП бр.3390/1, продолжува по границата на КП со бр. 1226, ги пресекува КП бр.1224/12, 1224/8, 1224/19 и КП бр. 2288/6.
- На југо-запад границата се протега по границите на КП бр. 924, 922/2, 963, 964, 967, 945/2, 944/4, 944/2, 943/2, 943/1, 7161/1, 1104, 1102, 1099/4, 1099/1 ја пресекува КП бр.3399/2 и коритото на реката "Вардар".

Вака утврдениот плански опфат има површина од 57.46ха, и периметар од

3986.64м².

Анкетните листови за учество на Јавната анкета ќе бидат во просториите на УЗ Нерези и на веб страната на Општина Карпош https://karpos.gov.mk/.

Соопштението за организирање на Јавна презентација и Јавна анкета по Предлог ДУП за Градска четврт Ј 01 – Средно Нерези, Општина Карпош - Скопје, со подетални информации за истиот ќе бидат објавени на ВЕБ страната на Општина Карпош- www.karpos.gov.mk.

Во определениот рок, заинтересираните правни и физички лица од конкретното подрачје опфатено со Планот, можат да достават писмени забелешки на анкетните листови.

ГРАДОНАЧАЛНИК НА
ОПШТИНА КАРПОШ
Стевчо Јакимовски